**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**Четиринаесеттата седница на Националниот совет за евроинтеграции, одржана на 09.04.2013 година**

**Скопје, април 2013 година**

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Четиринаесеттата седница на Националниот совет за евроинтеграции, одржана на 09.04.2013 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала Борис Трајковски, со почеток во 10,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше госпоѓа Радмила Шекеринска, претседател на Националниот совет за евроинтеграции.

**Радмила Шекеринска:**

Добро утро на сите, почитуван господине Комесар Штефан Филе, Ваши екселенции, почитувани амбасадори, почитувани членови и претставници на Националниот совет за европски интеграции и другите собраниски тела, почитувани новинари, дами и господа, ја отворам Четиринаесеттата седница на Националниот совет за европски интеграции.

Дозволете ми на почетокот на денешната седница на Националниот совет да го поздравам присуството на Неговата Екселенција, господинот Штефан Филе, комесар за проширување и европска соседска политика на Европската Комисија, кој претстојува во посета на Република Македонија. Се разбира без посебни именувања, би сакла да ги поздравам и сите останати присутни во делегацијата на комесарот, како и колегите и амбасадорите од земјите членки на Европската Унија. Господине комесар би сакала во името на овде присутните да Ви посакам добредојде во Република Македонија и да Ви ја изразам нашата благодарност за сериозниот и пресуден ангажман, во надминувањето на политичката криза, која го одбележа периодот по 24 декември. Како што велат кинезите, секоја криза носи и некоја шанса и очигледно е дека таква шанса сега му се понуди и на Националниот совет за европски интеграции. Имено, дозволете ми во името на сите членови и претставници на Националниот совет да го изразам нашето задоволство од Вашата иницијатива, која што беше прифатена, од лидерите на најголемите политички партии во Република Македонија, во Пристапниот дијалог на високо ниво, од овој четврти состанок, покрај Владата да биде вклучен и Националниот совет за европски интеграции. Го сметам ова за признание за нашата досегашна работа, но и за дополнителен тест за квалитетот и дадената вредност на ова тело. Без понатаму да одолговлекувам би сакала да му дадам збор на господинот Комесар, за неговото воведно излагање, по што ќе започне дискусијата на пријавените членови од Националниот совет за европски интеграции.

Господине Комесар повелете.

**Штефан Филе:**

Добро утро на сите, добро утро и на медиумите. Се сеќавам дека минатата дискусија што ја имавме беше токму за тој аспект за нашата работа, за медиумите. И се надевам дека овој пат медиумите ќе бидат со нас во текот на целата средба. Секогаш е задоволство да се биде во Скопје, иако утрово размислував дали е тоа добар знак или не, дали е добар знак што сум тука трет пат од почетокот на оваа година. Тоа може да го сватиме како знак на вклученост и би биле во право ако го сватите така. Но, морам да се запрашам и дали ова можеби е вознемирувачки знак  дека нешто не е добро, мислам дека и тука би биле во право. Но, како што реков секогаш е задоволство да се биде во Скопје и ова е само пет недели од мојата претходна посета. Драго ми е што можам да се видам со вас како клучни играчи, секогаш Ве гледам така, клучни играчи во процесот на интеграции, обезбедувајќи вклученост и единственост за и околу една цел. Откако се сретнавме во овој формат во септември 2012 година, имаше неколку случувања. Динамиката која што беше воведена од Пристапниот дијалог на високо ниво во процесот на реформи, беше препозната од сите дваесет и седум земји членки во Европската Унија во декември минатата година, кога ги донесоа најдобрите заклучоци за земјата во изминатите неколку години, прикажувајќи ја можноста за отворање на пристапни преговори. Од тогаш кризата која што се појави од настаните во и надвор од оваа зграда на 24 декември, постави многу сериозни прашања. Веќе ја искажав мојата грижа во поглед на овие настани, кои што го поткопаа политичкиот дијалог во земјата. Договорот кој што беше постигнат на 1 март, токму поради тоа беше од најголема важност , затоа што дозволи да се врати нормалниот политички живот, како и учеството на сите политички партии во локалните избори, кои што штотуку завршија. Политичкиот договор ја нагласува важноста од меѓупартиската поддршка за стратешките цели и за евроатланската интеграција. Ги става интересите на земјата први пред интересите на партиите. Она што сметам дека сега е најважно е да се воспостави анкетна комисија што е можно побрзо, за да ги разгледа настаните од 24 декември, и сите партии да ја потврдат својата стратешка посветеност на европската интеграција во форма на меморандум, во кој што ќе се изрази меѓупартиската посветеност на европската интеграција. Во изминатата година нивото на соработка меѓу нас се продлабочи, преку средбите на претпристапниот дијалог на високо ниво. Како што знаете Комисијата е ваш партнер, не само во процесот на реформи, не само на стратешко ниво, туку и преку секојдневна интеракција со вас. Ова е клучно време за вашата земја, наредната недела Комисијата ќе го претстави посебниот извештај, кој што нашите земји членки го бараа минатиот декември, како дел од претстојната дискусија и се надеваме на одлука во јуни.

Како знак на важноста на претпристапниот дијалог на високо ниво, ова е една од двете теми на кои што земјите членки побараа од нас да го подготвиме овој специјален извештај. Претпристапниот дијалог на високо ниво се докажа дека е мошне важен катализатор на реформите, ги одреди специфичните реформи во пет клучни области, преку процес на дијалог и заснован на вашата мапа и вашите цели. Го поздравувам тоа што имате реформи во согласност со целите на Пристапниот дијалог на високо ниво, реформи кои што ќе и донесат корист на вашата земја, а со тоа ја покажавте вашата посветеност да пристапите кон Европската Унија. Во подготовката на нашиот пролетен извештај и за денешниот состанок, забележавме дека е постигнат напредок и дека се воведени мерки во одредени области и покрај настаните што се случуваа на 24 декември.

Би сакал накусо да ви ги претставам постигнувањата во поглед на приоритетите на Пристапниот дијалог на високо ниво. Што се однесува до владеењето на правото, имаше напредок во подобрување на ефикасноста во судскиот систем, важноста на Академијата за судии и јавни обвинители во обуката на идните судии. Имаше големи достигнувања преку скорешните промени во законите, особено во поглед на решавањето на потенцијални конфликти. Во поглед на реформите во јавната администрација , со особен интерес ги следиме вашите напори во поставување на нова рамка за јавна служба и општа административна постапка. Би сакал тука особено да ја нагласам важноста која што комисијата ја дава на принципите на транспарентност и еднакво претставување, кои што треба да бидат вклопени во оваа законска рамка. Исто така, се надеваме дека повеќе ќе биде направено за децентрализацијата и регионалниот развој. Што се однесува до слободата на изразување и медиумите, важноста на декриминализацијата на клеветата минатата есен, не треба да се потценува. И сега треба да ги фокусирате вашите напори на обезбедување дека националните судови ќе бидат способни и во можност да го имплементираат новото законодавство во согласност со европските стандаради. Сепак, навистина е голем срам што конкретниот напредок кој што се направи преку дијалогот со медиумите, меѓу Владата и новинарите во минатата година, беше прекриен со сенката на скорешните настани. Од суштинско значење е Владата повторно да го продолжи овој дијалог со новинарите, а новинарите треба да се вклучат во реформите во ова поле, а тоа треба да се направи на инклузивен, транспарентен и отворен начин. Ова прашање е навистина мошне важно. Тоа треба да биде задача и обврска на сите, особено во земји со млади демократии, треба да се брани слободата на изразување, затоа што нивото на оваа слобода некогаш станува единственото огледало, во кое што се гледа квалитетот на демократијата. Исто така, ги разгледав и заклучоците од меѓународните набљудувачите од скорешните локални избори и го чекам нивниот конечен извештај. Го поздравувам тоа што локалните избори

беа добро спроведени, конкурентни, а кандидатите имаа можност за слободна кампања. Сепак, има бројни забелешки на ОДИХР, кои што мора да бидат разгледани, како што се недоволна одделеност на државата и политичката партија, а тука беа вклучени и наводи за злоупотреба на државните ресурси во текот на изборната кампања, како и улогата на медиумите во овој контекст. Некој веројатно би рекол дека ваквите проценки сме ги слушнале и порано, да, нема да згреши, затоа што истото го слушнавме и за парламентарните избори, па веројатно би се запрашале, дали е постигнат напредок во споредба со претходните избори. Сите избрани кандидати, вклучувајќи ги и новите градоначалници, мора да вложат напори за да изградат врска и доверба со сите граѓани и еднакво да ги претставуваат истите, без оглед да нивната етничка припадност.

Исто така, знаеме дека ќе се објави новиот владин извештај за спроведување на Охридскиот рамковен договор, а ова навистина е важен чекор напред, затоа што на оваа основа може да се изгради консензус за чекорење напред и за градење доверба во јавноста.

На економскиот фронт, го поздравуваме фактот што Владата ги расчисти своите обврски во поглед на плаќањето. Исто така, го поздравуваме усвојувањето на акцискиот план за вработување на младите од страна на Владата. Многу предизвици на пазарот на труд остануваат и во денешната економска клима сите ние треба да ги користиме ограничените ресурси што е можно поефикасно и да обезбедиме стратешко и транспрентно планирање на јавните финансии во интерес на сите граѓани. Тоа ме враќа на главната европска тема, која што сметам дека е мошне важна за вашата земја. Заедно сме посилни. Обединетоста е од суштинско значење за сите поединци, за секоја земја, за сите групи на земји, за постигнување на стратешките цели. Европската Унија е ваша стратешка цел. Реформите кои што се потребни за да се постигне ова, не треба да бидат заложник на конкуренцијата меѓу политичките партии, туку сите треба да работат кон постигнување на таа цел, а не да ја поткопуваат. Хрватска за неколку месеци ќе стане земја членка на Европската Унија, и тоа докажува дека може да се направи напредок. Се разбира Европската Унија даваше и поддршка, охрабрување и убедување, кога тоа беше потребно. Но, Хрватска и хрватите беа тие кои што ги носеа тешките одлуки и ги имплементираа новите политики и реформи. Знам дека вие може да го направите истото и затоа Ви благодарам за вниманието.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам господине Комесар. Ќе ја започнеме дискусијата со Вицепремиерот за европски прашања, господинот Бесими, повелете.

**Фатмир Бесими:**

Благодарам. Добро утро почитуван Комесаре и европска делегацијо, почитувани членови на Националниот совет за евроинтеграции, почитувани пратеници, почитувани претставници на медиумите, почитувани присутни. Европската интеграција претставува недвосмислено една од најдобрите алтернативи за Република Македонија, да не кажам алтернатива за стабилна, мирна и развиена Република Македонија, земја што гарантира енергија на мир, стабилност и развој за целиот регион. Почитувани, европската перспектива е токму таа која што ни гарантира подобра иднина, почитувајќи се меѓусебно, имајќи разбирање за визијата, желбите за еден заеднички живот за сите нас и за еднакви можности во еден сложен свет со многу предизвици.

Би сакал да продолжам со оваа дискусија со осврнување на Европската агенда за граѓаните на Република Македонија.

Господине Филе, споделувајќи со вас еден многу конкретен факт од Република Македонија, доколку прашате денес или секогаш кога сте во посета на Република Македонија што граѓаните очекуваат од Македонија. Каде сакаат да ја видат Македонија или каде ја гледаат во иднина или како ги гледаат можностите и перспективите на Република Македонија во евроатланската иднина. Ќе добиете според сите истражувања дека повеќе од 80% од луѓето дека ќе ви дадат одговор дека сакаат стабилна, развиена Република Македонија, членка на Европската унија. Овој одговор, без разлика дали се тие Македонци, Албанци, Турци, Бошњаци или било кој друг, без разлика дали се Муслимани, дали се Христијани, дали се академици, студенти, политичари, профеционалци, новинари, ќе го добиете истиот одговор. Ова е она што нашите граѓани го сакаат. Тоа е нивната волја и кое е ветувањето од политичарите? Ветувањето е она што го видовте низ изминатите години, низ изминатите декади, што Македонија изјави и како Македонија напредуваше кон приклучувањето на Европската унија. Нема да одиме во подеталности, но сите овие факти, но предизвикот кој што го имаме е како да ја исполниме нашта цел? Како да го одржиме ветувањето пред нашите луѓе, а ветувањето кое што може да го одржиме како што не научи животот не мора да биде многу софистицирано или комплицирано. Тоа е многу едноставно. Доколку имаме волја, доколку сме искрени за она што го кажуваме може да најдеме начин, а начинот е да бидеме инклузивни за да учествуваме сите во ова. Во ова во кое што го очекуваме и во овој поглед би сакал да кажам и да искажам во име на Секретаријатот, во име на Владата, но и во име на нашите граѓани, да искажам благодарност за огромната подршка која што ја дава Европската унија кон Република Македонија и кон регионот за овој процес.

Во овој поглед високиот пристапен договор е навистина добар инструмен за нас, за да дадеме одраз на овие приоритети и овие реформи кои што се случиле. Секако овој прогрес е препознат и нема двоумење дека извештајот ќе биде објективен и истиот ќе биде одраз на она што е сторено во Република Македонија.

Во овој процес, отварам колку што сме и ние самите можеме да бидеме поуспешни. Како што се осврнавте до сега напредокот е забележан за Република Македонија. Има многу предизвици кои што не се запишани во документите. Тука се и изборите, меѓуетничкото почитување и толеранција. Сите овие прашања се приоритети. Сите сме луѓе и ние сите можеме да бидеме рационални и да ги исполниме сите наши предизвици и да се соочиме со истите. Може да кажам дека успеавме да спроведеме избори кои што беа ефикасни и компетитивни. Успеавме да надминеме период на предизвици во политичкиот дијалог и меѓуетничките односи во земјата со која што истата се соочуваше. Може да кажам дека бевме најуспешни кога соработувавме. Вистинскиот збор е да соработуваме, да се почитуваме меѓу себе и да ги вложиме сите капацитети, со цел да бидеме што по напредни во овој процес како што е дефинирано во високиот предпристапен дијалог и заклучоците кои што беа споменати во декември од Европската унија. Во очекување сме, како партнери со Европската комисија, институциите на Република Македонија се во очекување да покажат напредок во оваа насока. Би сакал да кажам дека во овој процес, секако дека имаме различни институции на овој форум.

Би сакал да кажам дека успехот или пак одложувањето на овој процес не е само на грбот на Владата или на сметка на Парламентот или другите институции, напротив. Целиот овој успех е успех на Република Македонија и истиот ќе биде почитуван и е гарант на побрз успех. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Дозволете ми јас да го искористам присуството на комесарот да го кажам моето мислење околу темите кои што ни се на дневен ред.

Господине Комесар, да не беа вашите заложби и ангажман, денеска македонската опозиција немаше да биде ниту во оваа сала, ниту во Македонското собрание. Сериозната криза без преседан предизвикана од срамниот 24 декември и привремено се надмина. Опозицијата се врати во Собранието. Опозицијата учествуваше на локалните избори, меѓутоа суштинските проблеми се повеќе и се закануваат на македонската демократија и тие за жал остануваат нерешени, дури и во некои области и ескалираат.

Изборите се ренген снимка за една држава. Тие кажуваат многу видливо дали функционира правната држава, колку администрацијата е независен сервис, дали правото на изразување е неприкосновено, а правото на одлука лично и ослободено од

страв и притсоци. Тоа значи дека, практично изборите беа слика за четири од вкупно петте приоритетни области покриени со Пристапен дијалог на високо ниво (ПДВН). Тие беа слика за политичката волја или нејзинот отсуство. Ако изборите беа стрес тест за здравјето на нашата демократија, со жалење мора да констатирам дека ние на тој тест паднавме. Еве зошто: Ќе започнам со изборната реформа.

Вие господине комесар ги споменавте заклучоците во двата прелиминарни извештаи на ОБСЕ/ОДИХР Мисијата. Одвојување на државата од партијата нема. Рамноправни услови за натпревар нема. Притисок врз гласачите има. Злоупотреби на државни ресурси, наводи има. Мисијата укажа на кршење на две заложби од Копенхашкиот ОБСЕ документ од 1990 година. Тоа не е се.

Пред два дена бев набљудувач во име на еден од нашите кандидати на изборот на градоначалник во центарот на нашиот главен град каде опозицискиот кандидат за градоначалник убедливо водеше во првиот круг. Еден час пред затварањето на гласачките места, почнаа да пристигаат организирани групи на гласачи и некој од дипломатите овде присутни, случајно беа присутни таму и знаат за што говорам. Во речиси секое избирачко место во Општината Центар имаше списоци на гласачи кои беа регистрирани на иста адреса, 50, 35, 70 граѓани регистрирани дека живеат на иста адреса. Ниту едно од овие лица кои дојдоа на избирачкото место не си ја знаеше својата адреса, ниту од каде доаѓа. Сите имаа лична карта издадена во ист период, непосредно по закажувањето на локалните избори и сите беа додадени на избирачкиот список откако, отпосле работната група констатираше дека избирачкиот список е пречистен. Еве една фотографија како еден од тие гласачи кој го оствари своето право на глас, на прашање на новинар, надвор од избирачкото место каде живее и каде гласал, изјави дека имал 17 години бегајќи и дека согласно тоа не смеел да гласа. Државната изборна комисија реагираше пред одржување на изборите на оваа тема. Достави прашање до Министерството за внатрешни работи на што се должат додадените над 13 000 гласачи на избирачкиот список. До ден денеска Министерството за внатрешни работи одлучи да не одговори на овие наводи. Откако тој ден се случи буквален обид за изборен фалсификат од страна на луѓето кои што се најодговорни тоа да го спречуваат, денеска слушаме дека и оваа победа на опозицискиот кандидат за градоначалник ќе биде доведена во прашање од партијата на власт која што поднесе забелешки во 80% од избирачките места, а за кој нема ниту збор во записниците од денот на гласањето. Ако зборуваме за приоритетот изборна реформа крајниот резултат би бил следен. Слепена држава и партија и манипулиран избирачки список во последен момент.

Приоритетот број два, или вториот за кој што сакам да зборувам е приоритетот кој што се однесува на фундаменталните права, судството, антикорупцијата и администрацијата. Еве два конкретни примери како правдата беше селективна во овој

чувствителен изборен период. Врз база на исти наоди, исти проблеми во изборниот процес, во две различни општини Управниот суд донесе дијаметрално спротивни одлуки. Единствена разлика помеѓу овие две општини беше што во едната победи кандидатот на опозицијата  и таму мораше да се прегласува, а во другата победи кандидатот на власта и таму истите докази не помагаа. Слично партиско функционирање беше многу видливо и во настапите на Антикорупциската комисија. ОДИХР во својот Извештај констатира дека Антикорупциската комисија се уште нема одлучено по ниту една од поплаките на опозицијата за незаконски почеток на изборната кампања, поднесени две недели пред првиот круг. За овој случај правдата е бавна, но само во овој случај. На истата Комисија и требаа само пет дена да одлучи дека опозицискиот кандидат во Општината Центар, во Скопје кој водеше во првиот круг треба да одговара и прекршочно, а можеби и кривично заради наводно непријавување на имот и тоа, го одлучија четири дена пред вториот круг за наводно непријавен имот пред четири или повеќе години. Коинциденција, се разбира. На крај.

Дозволете ми само неколку збора за приоритетот со кој почнува пристапниот дијалог на  високо ниво. Слобода на изразување и медиуми. Вие ги споменавте и бројките и констатациите на ОДИХР. Стана јасно дека најголемиот дел на влијателни медиуми во Македонија се под целосна контрола на власта. Пристрасност и доминација е регистрирана во најголемиот број кај овие телевизиски станици. Националната телевизија во целост не ја исполни законската обрвска Советот за радио дифузија досега реши само на дел од овие телевизии да им испрати укажување.

Господине Комесар, македонските граѓани како и сите ние овде присутни, во тоа сум убедена, исклучително го ценевме вашиот пристап да ја гледате чашата половина полна, наместо половина празна. Тоа даде дополнителна сила и мотивација на сите во Македонија. Тоа беше и е добро и за Македонија и за регионот и за Европската унија. Единствен проблем со кој што се соочуваме денеска е што оние кои што имаа најголема одговорност за состојбите во државата решија да ја скршат чашата.

Ви благодарам на вниманието и дозволете ми да дадам збор на заменик претседателот на Советот, госпоѓа Бонева.

**Силвана Бонева:**

Благодрам госпоѓа Шекеринска.

Почитувани Екселенции, Комесаре Филе.

Дозволете во име на пратениците во Собранието на Република Македонија да Ви искажам огромна благодарност за вашиот севкупен ангажман за Република Македонија за нашето членство кон Европската унија, исто така и на генералниот директор

господинот Санино, за исклучителните напори кои што ги правите Република Македонија да стане земја членка на Европската унија. Веќе четири години по ред имаме позитивен изваштај и овој четврти состанок на пристапниот дијалог на високо ниво. Очекувам јас и сите граѓани на оваа земја да донесе позитивен исход конечно за Република Македонија, Република Македонија да добие датум за преговори онака како што имавме можност да слушнеме и од евро пратениците кои што јасно укажаа на тоа дека Република Македонија не смее уште долго да биде надвор од агендата на Европската унија во смисла на добивање на датум за преговори.

И, овој ангажман со пристапниот дијалог на високо ниво значи многу за работење на овие пет области кои што се наш фокус, меѓутоа силен поттик за Република Македонија и за анганжманот на сите политички фактори во оваа земја кон европската агенда ќе биде доколку добиеме датум за преговори. Јас сум убедена дека она што беше одлучено од страна на Европскиот парламент во текот и на вчерашниот ден дека ќе биде земено во предвид дека Република Македонија треба да добие за преговори и статус кво позицијата да не продолжи и понатаму. Јасно и Вие кажавте дека има позитивен импулс за понатамошните реформи и ако имавме огромен број на предизвици со кои што се соочувавме во изминатиот период. Сметаме дека се постигнати добри резултати во петте клучни реформски области, а исто така имаме и огромен напредок во добрососедските односи и тоа не само со напорите кои што ги прави Република Македонија за воспоставување на дијалог и соработка со Република Грција за жал не толку добро прифатен од нивна страна, меѓутоа иницијативите од Република Македонија се јасни, но уште позначајно е огромниот напредок кој што го имаме со Република Бугарија и јас очекувам дека наскоро Република Македонија и Република Бугарија ќе потпишат договор за взаемно пријателство и соработка кое што ќе биде во прилог на добрите односи овде на Балканот, а во исто време и еден огромен плус за Република Македонија и за нејзиното членство кон  Европската унија.

Во однос на она што беше спомнато и од ваша страна и од страна на госпоѓа Шекеринска за настаните од 24 декември, сите ние како пратеници жалиме за сето она што се случи во Собранието на Република Македонија и убедена сум како дел од тимот од координаторите, од претседателот на Собранието кој што континуирано правевме напори да не дојдат до било какви тензии, меѓутоа се случија настаните од 24-ти и мислам дека според мое лично мислење и мислење на другите, дел од координаторите на пратеничките групи и потпретседателите на Собранието е дека требаше Анкетната комисија да биде формирана овде во Собранието на Република Македонија и да се расчистат настаните овде во Собранието на Република Македонија бидејќи сметаме дека имаме капацитет. Имаме ние основ, имаме материјали врз основа на кои што може да се донесе заклучок односно да се утврдат фактите од страна на формираната Анкетна

комисија која што очекуваме да добие свој претседател бидејќи веќе има дадено членови и доколку се договори претседателот, бидејќи тоа не е во ингеренција на Собранието на Република Македонија ние овде не можеме да помогнеме но очекуваме Анкетната комисија да ги земе во предвид сите записници и од заедничките координации кај претседателот на Собранието и сето она што се случуваше на сите седници поврзани со настанот од 24-ти и внатре и надвор од Собранието на Република Македонија. Значи апсолутно поддршка има од наша страна за Анкетната комисија што побрзо да ја заврши својата работа затоа што искрено жалиме и за она што се случи внатре во собранискaта сала, меѓутоа и во галеријата со вадењето на медиумите од страна на обезбедувањето и очекуваме одговор од стана на Анкетната комисија зошто се дошло до тоа да се превземе ваков чекор. Исто така очекуваме да биде потпишан меѓупартискиот меморандум за реафирмирање на меѓупартискиот консензус.  ВМРО-ДПМНЕ има дадено предлог текст на еден ваков политички документ и мислиме дека наместо фокусот да ни биде овде да не кажам произволни во моментот оценки за наши субјективни гледања за тоа како го имаме доживеано изборниот процес тоа треба да го ставиме на ОБСЕ ОДИХР на мисиите и тие треба да бидат тие кои што ќе дадат сериозна оценка за изборниот процес бидејќи и јас бев дел од тој изборен процес и како набљудувач односно овластен претставник на мојата партија во дел од нашата земја на одредени избирачки места. Имам едни или други впечатоци и овие впечатоци не треба да бидат основ за давање на слика за изборниот процес во Република Македонија и за поништување на сето она што заеднички го направивме и со прочистување на Избирачкиот список и со Изборниот законик. Значи, сметам дека треба да ги почекаме оценките на ОБСЕ / ОДИХР и генералните оценки кои што беа дадени не треба да ги занемаруваме дека имавме натпреварувачки, фер избори, компетативни избори кои што дозволија конкурентност на кандидатите. Јас сум убедена дека сите пратеници во Собранието на Република Македонија ќе направат се да продолжи соработката со нашите соседи во доменот кој што го покриваме ние како Собрание преку комисиската работа и групите за соработка и на тој начин да допринесеме за добрите меѓусоседски односи, но во исто време и за градење и на меѓуетнички и на меѓупартиски дијалог во Република Македонија. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Следен за збор е господинот Насер Селмани, претседател на Здружението на новинари и Ве молам да се придржуваме до договорот кој што го направивме околу времетраењето на дискусиите.

**Насер Селмани:**

Ви благодарам.

Почитувани, на почетокот сакам да ја поздравам оценката на еврокомесарот Филе за состојбата со слободата на изразување во Македонија. Слободата на изразување останува сериозен предизвик во процесот на евроинтеграција на Македонија. Загрижени сме за лошата состојба. Видете го извештајот на ОБСЕ за медиумското покривање и јасно ќе ви стане за што зборувам. Жалиме што Владата се обидува од позиција на моќ да ги користи сите средства кои што му се на располагање да ги контролира медиумите. Преку медиумите што ја подржуваат се пресметува и ги дискредитира сите оние што имаат поинакви ставови со Владата. Потребен е нов почеток со кој секој од нас новинарите, медиумите, Владата ќе го преиспитаме нашето однесување и ќе се соочиме со нашата одговорност. Добро е што Владата го објави текстот на Законот за медиуми што вети дека нема да се брза со неговото донесување и дека се отворени за конструктивни предлози за подобрување на текстот.

Дозволете ми јасно да истакнам дека ние како ЗНМ, но не само ние туку и нашите партнерски организации ССНМ, НИМ и ЦРМ сме многу заинтересирани за овој закон. Тој ќе ја одреди судбината на македонските медиуми во иднина. Со овој предлог не се вградува само европската директива за аудиовизуелни услуги, туку е и можност ако има политичка волја да се решат акутни проблеми со кои се соочуваат новинарите и медиумите. Ние го подржуваме вградувањето на директивата но мора да бидеме многу внимателни со опфатот на законот посебно околу регулирање на печатените и интернет медиуми затоа што нема унифицирано европско законодавство. Очекуваме дека овој закон ќе понуди решение и за владините кампањи кое како обврска произлегува од Пристапниот дијалог на високо ниво со Европската комисија. Сериозен пристап треба да имаме и кон реформата на Македонската радио телевизија. Да ги третирате новинарите како јавни службеници не е пристап кој обезбедува институционална автономија и уредувачка независност на јавниот сервис. Очекуваме Владата со овој закон да понуди решенија за сите забелешки од последните извештаи на Европската комисија и ОБСЕ. Спремни сме да се вклучиме во процесот на донесување на законот со обезбедување на минимум услови. Сакаме конструктивна широка и суштинска дебата. Бараме рокот за донесување на законот да се продолжи за 3 до 5 месеци за да можеме како организација да го анализираме и да направиме експертиза на законот. Да се консултираме со нашите членови и да подготвиме пишани предлози со кои ќе се помогне на Владата да го подобри текстот. На крајот на консултативниот процес овие забелешки јавно ќе ги објавиме, а Владата останува сериозно да ги разгледува и да ги вгради најбитните забелешки. Се надевам дека политичките партии во договорените рокови ќе ја формираат Анкетната комисјиа и очекуваме добро да ја заврши работата околу

расчистување на инцидентот со новинарите. За поефикасна работа предлагаме Комисијата прво да дискутира за инцидентот со новинарите кој е поедноставен. Ние сме спремни да сведочиме пред Комисијата ако бидеме повикани. Тоа многу ќе придонесе за враќање на взаемната доверба и враќање на институционалниот дијалог. Нема слобода на медиуми ако новинарите не ги почитуваат професионалните стандарди и етика. Само регулацијата на медиумите е соодветна мерка која ќе помогне да се зајакне примената на повисоки етички стандарди. Затоа е важна подршката од сите. Лани ја пофалив Владата за декриминализацијата на клеветата и навредата затоа што сметав дека тоа е позитивна одлука, но ефектите може да се загрозат зошто јавните личности лесно покренуваат тужби за клевета и навреда против новинари, а не сме сигурни дека судиите се доволно обучени за да се справат со напливот на тужбите. Ако првите пресуди не се во согласност со судската пракса од Европскиот суд за човекови права целиот заеднички труд ќе оди во неповрат. Затоа битно е да имаме квалитетни закони но уште побитно е нивната доследна примена. Ви благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Следен за збор е господинот Антонио Милошоски, претседател на Комисијата за надворешна политика.

**Антонио Милошоски:**

Благодарам.

Почитуван комесар Филе, почитуван претседател на Советот за евроинтеграции, почитувани министри, колеги пратеници, почитувани претставници на медиумите,

Најпрво дозволете ми да се заблагодарам на претседателот на Државната изборна комисија господинот Борис Кондарко висок и истакнат член на Социјалдемократскиот сојуз за начинот на кој што го организираше процесот на избори и на гласање во Република Македонија. Сметам дека тој факт не треба да се занемари за да се знае дека во организирањето на изборите клучната улога ја имаше Државната изборна комисија, а во изборните резултати клучната улога ја имаа граѓаните. СДСМ за разлика од другите политички партии почитуван комесар, на овие избори не гледаше како на избори за борба за локална власт. На овие избори Социјалдемократскиот сојуз им пристапи како на избори во кои што сакаше да се бори за централната власт и тоа беше нивниот пристап. Некои кандидати за градоначалници зборуваа за урбанизам, Социјалдемократскиот сојуз зборуваше за диктатура. Некои кандидати за градоначалници зборуваа за образование, Социјалдемократскиот сојуз зборуваше за

авторитарен режим. Некои кандидати за градоначалници зборуваа за проекти и за училишта, Социјалдемократскиот сојуз зборуваше за бојкот на изборите. Тоа беше првата карактеристика на овие локални избори. Сметам дека сето она што го слушаме денес е обид да се најде уште едно оправдание, а да не се искаже таа популарна реченица кажана од претседателот на Социјалдемократскиот сојуз дека народот е во право и тогаш кога греши. Испаѓа дека и на овие избори народот згрешил што на 57 градоначалници од ВМРО-ДПМНЕ им дал доверба додека на Социјалдемократскиот сојуз дал доверба само на четири градоначалници. Голема е разликата во бројот на добиената доверба и голема е разликата во бројот на добиените гласови во општините. Затоа сметам дека било кој минормни поединечни забелешки кои што требат да се обработат и да се квалификуваат се само начин како да се најде покритие за уште еден изборен неуспех. Јас ќе ја потсетам госпоѓата Шекеринска и на други години, не само на 2013 година кога имавме сега локални избори. Тука слушнавме за злоупотреба на службена положба, за неразграничување на партија од државна функција, за дисбаланс во медиумите, за немање на сериозен или рамноправен натпревар. 2008 година имавме избори, госпоѓата Шекеринска беше претседател на СДСМ. Немавме поплаки за медиумски дисбаланс, немавме поплаки за граѓани на Пустец, на Базел, на Цирих, на Приштина или на Њу Џерси, немавме поплаки за диктатура и авторитарен режим, но имавме 480 илјади гласови за ВМРО-ДПМНЕ и 217 илјади гласови за СДСМ. Не може резултатот на изборите, не може граѓаните и нивното гласање на изборите да бидат виновни и одговорни за неуспехот на една политичка партија која што има самата демократски дефицит во своите редови и тоа е прашање на нивната политичка партија.

Сакам да Ве потсетам дека на овие избори граѓаните повторно од опозицијата го имаат за понуда човекот кој што е претседател на опозиционата партија и кога била партија на власт од 1991 година.

Почитуван комесар Филе, 1991 година во Чешката Република сеуште беше активен господинот Хавел, 1991 година во Советскиот Сојуз беше активен сеуште Горбачов, во 1991 година сеуште премиер на Британија беше госпоѓата Маргарет Тачер, во 1991 година господине Санино сеуште премиер на Италија беше Џулијано Андреоти. Многу луѓе се сменија, многу политичари, многу политички партии се реформираа, за жал, една политичка партија во Македонија не се реформира и сега се обидува недостатокот од сопствената реформа да го наметне како недостаток на нашата држава и тоа да го направи пред меѓународната заедница за да нанесе уште поголема тешкотија.

**Радмила Шекеринска:**

Господине Милошоски, пет минути разговарате на тема која што не ни е на дневен ред, кога СДСМ ќе стане дел од Пристапниот дијалог на високо ниво (ПДВН) со задоволство ќе дебатираме, се извинувам, ама имаме кратко време имаме уште 7 пријавени дискутанти, а не се почитува дневниот ред. Не зборувавме за ВМРО-ДПМНЕ, не зборувајте за политички партии, зборувајте за институциите во државата.

**Антонио Милошоски:**

Нашата заедничка цел е Европската унија и треба да гледаме да најдеме начин како да стигнеме до таа заедничка цел без разлика кој е во опозиција или кој е на власт. За жал, некои политички партии таа разлика не можат да ја прескокнат и тоа многу им значи во начинот на кој што тие делуваат и со тоа прават или придонес или штета за сопствената држава. Овие избори исто ќе бидат забележани по една карактеристика што дел од организациите на СДСМ без разлика на обвинувањата за диктатура, режим и што и да е друго, имаа заеднички настап со кандидатите за градоначалници од ВМРО-ДПМНЕ, поточно во општина Кичево и општина Струга. Луѓето не зборея за диктатура, зборея за локални интереси, луѓето од СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ во Кичево и во Струга не зборея за режим, зборея за локални интереси и сакаа да го заштитат или поправат она што сметаат дека некој намерно го згрешил заради ефтина политика од 2004 година. Без разлика на резултатите, јас би сакал да се заблагодарам и на членовите на СДСМ во Струга и на членовите на СДСМ во Кичево и на нивниот заеднички настап за да се покаже дека локалните интереси можат и треба да бидат поважни од националните политики.

**Радмила Шекеринска:**

Господине Антонио Милошоски 6 минути говорите, би замолила да го почитувате редот.

**Антонио Милошоски:**

Да завршам, дека очекувам овие избори и овој изборен пораз и во иднина и во Скопје и во Брисел да биде и понатаму злоупотребуван од страна на раководството на СДСМ за да се нанесе дополнителна штета на угледот на Република Македонија. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Следен за збор е господинот Игор Ивановски и се надевам дека следниот пат некој од институциите задолжени за изборниот процес ќе го заслужи вашето внимание.

**Игор Ивановски:**

Благодарам госпоѓо Шекеринска, почитуван комесар Филе,

За разлика од претходниот дискутант, јас ќе се задржам на темата за да ја почитувам институцијата која што одамна го изгуби своето значење, тоа е Собранието на Република Македонија и после кога во Извештајот на ОБСЕ или ОДИХР или на целодневно, на секој момент на теренот на изборите ќе чуете дека партијата тоа е државата, да не се чудите зошто има вакви настапи, преставник на Комисијата за надворешна политика.

Почитуван комесаре, почитувани присутни, ако се согласуваме дека буквата А во една демократија се изборите, тогаш Република Македонија после овие локални избори треба одново да ја учи својата азбука односно потребата од воспоставување повторно на парламентарната демократија. СДСМ со одлуката да влезе во локалните избори врз база на политичкиот договор чиј што гарант и олеснувач беше токму Европската комисија и комесарот Филе го исполни својот дел од одговорноста за запазување на македонските државни, национални и евроатлански интеграции. На овие локални избори покажаа дека Македонија назадува. Немаше прогрес и овие локални избори беа полоши од оние во 2011 година. Вклучувањето на партијата во државата односно на државата во партијата на власт, катастрофалниот и изманипулиран избирачки список, притисоците кон администрацијата и кон гласачите, поткупот, притисоците, насилното организирање и водење на гласачите во вториот круг најмногу од страна на полицијата покажува дека во Република Македонија изборите, конкретно овие 2013 година беа нефер, недемократски и неслободни. Впрочем тоа се истите констатации од ОБСЕ /ОДИХР за кои што многу колеги сакаа да говорат.

Господине Филе, сакам да Ве прашам, дали е возможно во Прага или во Брисел, на пример на вашата адреса да бидат запишани повеќе од 70 лица кои што гласаа и овие лични карти ги издава Министерство за внатрешни работи односно истата институција која што директно врши упад во избирачкиот процес, а не Државната изборна комисија. Ова не е демократски, европски, копенхашки или ако сакате базичен принцип за партиципативна и слободна демократија.

Почитувани присутни, медиумите како што наведува и самиот ОБСЕ /ОДИХР партиски известуваа и сите останати институции во Република Македонија продолжуваат да функционираат по диктат на владеачката партија.

Господине Филе, се согласувам дека Пристапниот дијалог на високо ниво (ПДВН) внесе динамизам, но само на хартија, а не и во пракса. Политичката криза со договорот на кој што вие присуствувавте, само привидно се надмина, но Република Македонија после овие избори има сериозна криза на демократијата и на институциите. Донесеното во ова Собрание не се спроведува, договореното на политичко ниво не се реализира, а продолжуваат со европскиот речник лошите пракси.

Господине Филе, конкретно договорот што се постигна помеѓу политичките партии и на кој што вие присуствувавте не е реализиран. Не само што не е реализиран, туку тој мислиме дека нема намера ни да се реализира. Дозволете јавно да Ве информирам дека она што беше договорено, а тоа е да се измени Деловникот на ова Собрание не е ни започнато да се прави и овој тајмер што го гледате овде е потврда дека не само што нема слобода на изразување во медиумите, туку се укинува и слободата на изразувањето и во Собранието на пратениците на Република Македонија. СДСМ прифати да се формира експертска комисија која што треба да ги испита настаните од 24 декември и предложивме експерти, реномирани професори од Правниот факултет од Скопје. Од другата страна добивме две имиња кои што се директно пратеници на власта, директно инволвирани во инцидентите, едниот од нив не само што не е експерт по право, туку сеуште незавршен студент по право. И конечно жалиме што досега не се избра петтиот член, претседател на оваа комисија за што директна одговорност и очигледна свесна намера да тоа не се случи ја лоцираме во власта, бидејќи СДСМ го прифати едно последно решение предложено од страна на власта за претседател, за да подоцна бевме информирани дека истото тоа решение се откажало што ја покажува несериозноста на власта во давањето на предлозите.

Конечно, кога се говори за еден сериозен елемент од Пристапниот дијалог на високо ниво (ПДВН), а тоа е функционирањето на правото, за нас е несфатливо како Јавното обвинителство ја отфрли кривичната пријава поднесена од 42 пратеника за улогата на претседателот Трајко Вељаноски за настаните од 24-ти, без да не повика воопшто и со нас да поразговара, без спроведување на базичната истрага и процедура во Јавното обвинителство.

Конечно, господине Филе, драго ми е што Брисел сака да биде партнер на Република Македонија и нејзините граѓани. Сметаме дека треба да ја превземете и вашата одговорност како Европската комисија за да и помогнете на Република Македонија и граѓаните на државата. СДСМ како водечка опозициона партија и

опозиционот блок ќе ја превземе својата одговорност за евроатланската иднина на државата и конечно ако власта и владеачката структура смета дека ја има довербата од граѓаните, сметаме дека треба да ја превземе целосната одговорност за неодложно реализирање на евроатланските интеграции на државата и конечен почеток на преговорите на Република Македонија со Европската унија на следниот Самит на Европската унија во јуни. Таа одговорност и тој погег е од страна на власта. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Следен за збор е господинот Живко Митревски од Сојузот на синдикати.

Ве молам, бидејќи практично веќе го прекршивме времето, многу кусо би Ве замолила, знам дека нема да го злоупотребите.

**Живко Митревски:**

Почитуван Комесаре, почитувани екселенции, почитувана претседателке, потпретседател на Владата, преставници на комисиите, парламентарци, преставници на медиумите,

Дозволете ми од името на Сојузот на синдикатите на Македонија, од името на синдикалното движење на Република Македонија, најнапред јасно да ја изразам поддршката за сите напори кои се вложуваат за евроатланските интеграции на Република Македонија.

Иако живееме во исклучително сложена социјална, економска и политичка состојба во Република Македонија, соочени сме со исклучителна социјална светска должничка економска криза, направивме исклучителни напори во смисла на реализирање на еден институционален, социјален дијалог, обезбедивме во овој меѓупериод имплементирање на 15 европски директиви со цел да ја подобриме легислативата на работното законодавство и  да обезбедиме побрз пристап кон европската легислатива. Во најтешки услови донесовме Закон за минимална плата, донесовме Закон за европски работнички совет, на повидок сме да го донесеме и законот за забрана за психичко вознемирување односно мобинг. Република Македонија наназад 20 години имаше ратификувано само 4 конвенции, последната година обезбедивме да ратифицираме нови пет конвенции, а на повидок сме да ратифицираме уште три нови конвенции. Тоа значи голем исчекор во делот на меѓународните работнички стандарди и нивната имплементација во Република Македонија. Бевме сведоци на исклучителна политичка криза која благодарение на вас и на инструментите кој ги има политиката, беше на соодветен начин реализирана и отстранета. За жал, имаме значителна на повидок и

социјална криза и верувајте дека исклучително е тешко во вакви услови таа социјална криза да се менаџира на еден соодветен начин. Социјалната криза може да биде исклучителна тешка и пречка за реализација на каква и да било друга агенда на Република Македонија. Од тие причини мислам дека потребно е да го слушнете апелот на македонските работници заради сето она што го дале до сега, во смисла на поттикнување на овој процес колку што е можно побрзо да дојде до таа наша барана заедничка агента, а тоа е побрз прием на Република Македонија.

На крај, во интерес на времето, ќе завршам со една констатација која за жал многу ни се повторува и денес сме присутни на една дебела политичка борба и дебата, ние сите сме носители овде и претставуваме кој социјални структури, кој политички структури, кој невладини структури, граѓански структури. Значи, идејата и мисијата наша историска во овие исклучителни тешки времиња, а тоа е да им овозможиме на граѓаните и на работниците на Република Македонија побрз прием во европското семејство. Тоа треба да ни биде на сите мислата водилка. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Една минута за Тања Хафнер Адеми, Ве молам навистина кусо.

**Тања Хафнер Адеми:**

Многу тешка задача, ќе се обидам.

Бидејќи имам само една или две минути, ќе зборувам на англиски, она што сакам да го кажам ќе биде многу јасна порака која што сакам да ја пренесам од страна на граѓанскиот сектор. Ќе дадам забелешки за три прашања, настаните од 24 декември, локалните избори и Пристапниот дијалог на високо ниво (ПДВН).

24 декември нема да заборавиме дека, и Комисијата не треба да заборави дека настаните од 24 декември покажуваат колку слаба и кршлива е нашата демократија и нашите институции. Како креирањето политики во оваа куќа се базираат на физичка моќ наместо на моќта на политичката дебата, демократските процедури и аргументите. 24 декември ги откри сериозните структурни проблеми кои што го имаме во нашите демократски институции и во владеењето на правото. На крај, 24 декември не треба да биде заборавен затоа што до денес мерките за овој настан се само во домен на политичките мерки, наместо на институционалните одговори каде што треба да се решат овие прашања.

Второто прашање, добар дел од тоа што сакав да го кажам е покриено. Но граѓанското општество што ги набљудуваше локалните избори покажува неколку опасни нишки. Ние ќе ги почекаме извештаите од МОСТ и од Хелсиншкиот комитет, да навистина немаше директни инциденти. Но имаше многу нерегуларности како семејно гласање, неупотреба на ув ламбите итн. Но она што нас не загрижува како граѓанско општество се новите видови на нерегуларности како што беше гласањето во соседните земји кои што беа споменати. Но уште позагрижени сме не поради спроведувањето и процедурите на самиот ден на изборите, тука на тоа како политичките актери се однесуваа претходно и како беше спроведувана изборната кампања. Забележавме 4 главни опасни точки. Ја имаме злоупотребата и спојувањето на државните и партските ресурси. Потоа следуваат и притосоците на ранливи групи на сиромашните кои што зависат од социјалните институции. Врз нив беше вршен сериозен притисок. Имаше и отворено агитирање од страна на државниот персонал и од локалната администрација кои што понудија преферцијален третман. Ова е сосема спротивно на идејата да се има децентрализација во нашата земја. Потоа следуваат грижите и размислувањата околу избирачкиот список каде што имаме проблеми поради неспроведувањето на пописот. Потоа ги имаме и националиситичките политики на политичките партии, а ова се смета за една од посериозните грижи на граѓанското општество. Потоа го имаме говорот на омраза кој што не е санкциониран од државните власти , како и доминацијата на државата како главен работодавец во нашиот регион. Токму поради тоа луѓето мора на денот на избори да одлучуваат за кого ќе гласаат. Имам уште неколку работи кои што би сакала да ги спомнам. Но ќе се задржам на Пристапен дијалог на високото ниво (ПДВН).

Јасно е дека нашата земја во овој момент повторно се наоѓа на точка на пресврт, на пат кон започнување на преговори, пат во кој што вие како Комисија инвестиравте многу. Но мора да знаеме кои се стандардите и критериумите, сите состаноци кои што ќе се одржат. Дали ова значи дека Комисија ќе ги оценува изборите како фер и демократски само затоа што ќе нема големо прекршување на законите. Граѓаните треба да им веруваат на институциите, да има процедури кои што ќе бидат водени според владеењето на правото. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам.

Колеги јас се надевам дека бевте подеднакво нестрпливи кога колегите ги надминаа трите минути.

**Хајрула Мисини**:

Благодарам госпоѓа Шекеринска, почитуван господин Филе, почитувана екселенцијо, почитувани преставници на медиумите, почитувани присутни. Имам чест да ги поздравам сите гости, комесарот за проширување Филе. Во овој момент е многу важно за Република Македонија бидејќи ги очекуваме новите вонредни извештаи од Европската комисија. Треба да прифатиме дека со нетпрение ги очекуваме овие заклучоци и ќе треба да ги чекаме кога ќе се објават. Се надевам дека ќе се истакнат петте најглавни области за нашата држава. Спроведувањето на Охридскиот рамковен договор, како и владеење на правото во Република Македонија сметам дека имаме забележано напредок во меѓутеничките односи и треба да продолжиме по нашата насока за децентрализирање, употреба на јазиците, во образованието и спроведувањето на мерките за подобро разбирање меѓу етничките заедници во државата.

Во врска со политичкиот дијалог помеѓу политичките партии, особено по настаните од 24 декември имаме забележителен прогрес во врска со формирање на анкетната Комисија.

Почитуван Филе, сегашните локални избори за кои што Надзорната комисија заклучи дека немаше големи вознемирувања. Имаше нерегуларности во неколку места. Сакам да кажам дека еден воздух дишеме сите, но треба да бидеме сигурни дека заеднички ќе бидеме со најдобри резултати. Тоа што е највжано, Министерството за надворешни работи изготвува извештај со кој што не известува за обврските за процесот на добрососедските односи и за преговорите во однос на името, како и иницијативите и средбите што го имаше Владата на различни нивоа и со Бугарија и со Грција. На ниво на Парламентот јас како претседател на Комисијата за европски прашања постојано инсистирам на пријателски контакти со грчкиот и бугарскиот Парламент, односно со моите колеги, претседатели на комисиите за европски прашања.

На крај повторно ќе се вратиме на почетокот на проблемот, а тоа е прашањето на употреба на уставното име на Република Македонија, што за Република Грција е неприфатливо. Меѓутоа сега се чини дека е исто неприфатлив и за членките на Европска унија. Меѓутоа наместо да предложам нешто јас би запрашал. Остварувањето на обврските кои што се преземени од предпристатниот дијалог, позитивните оценки, четирите преговори за почетокот на преговорите дали се доволни да се надмине проблемот со името, да во јуни конечно почне процесот на преговори за Република Македонија со Европска унија. Како и да е нам не ни преостанува ништо друго освен и понатаму со посветеност да работиме и да ги исполниме обврските од Брисел и да очекуваме позитивен извештај од Европската комисија. А јас лично очекувам и верувам во прифаќање на вашиот предлог од Советот да почнат преговорите, а во нивната рана

фаза да се реши спорот со името. Ова ќе преставува и потврда за вашата верба и вербата на господинот Ховит во нас, истовремено и почетокот на преговорите на Македонија што ќе преставува позитивен сигнал во регионот дека има движење нанапред во евроинтегративните процеси и очекуваме добри вести. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам господине Мисини, следен за збор е господинот Кенан Хасипи. Водете сметка дека го пробивме времето, меѓутоа благодарејќи на отворениот став на комесарот продолжуваме понатаму.

**Кенан Хасипи**:

Благодарам госпоѓо Шекеринска, јас во знак на протест за нискиот вокабулар и невидено блатење на сопствената држава ќе се откажам од мојава дискусија. Сакам да го поздравам воведното излагање на господинот Филе кое што беше многу јасно со јасни препораки и се надевам дека заедно со нашите европарламентарци наредниот месец во Стазбур на многу подостоинствен начин и со висока политичка култура ќе ги разгледаме сите аспекти на демократијата во Република Македонија и верувам ќе ја добиеме лекцијата од нашите колеги европарламетарци кои што многу повеќе работат за нас, отколку ние самите. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Следен за збор е господинот Гордан Георгиев, повелете.

**Гордан Георгиев**:

Јас во интерес на времето ќе кажам една реченица. Ако есенцијата на либералната демократија се изборите како израз на слободната волја мојата реченица ќе биде во поддршка на она што го кажаа моите колеги од опозицијата и не само субјективна подршка бидејќи сум дел од опозицијата, туку бидејќи бев јас исто како и колешката Радмила Шеќеринска на избирачко место, каде што исто така господине комесар се појавија 30 луѓе од Мала Преспа кои што живеат на иста адреса во центарот на градот. 33 луѓе гласаа со легално издадени лични карти издадени на 29 јануари 2013 година. За среќа таму беше и амбасадорот на ОДИХР и сите тие работи ги евидентираше, го виде тој скандал пред негови очи. За среќа на киолегите од власта беше таму и нивната колешка Благородна Дулиќ, пратеник во ова Собрание која што ги

евидентираше, ги виде сите како пред нејзини очи се случува фалсификатот на изборите на Никола Груевски. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

И последен пријавен беше господинот Спасеновски, на негово место ќе зборува господинот Влатко Ѓорчев, повелете.

**Владимир Ѓорчев**:

Благодарам. Јас би сакал неколку работи да кажам. Почитуван комесаре Филе, почитуван комесаре Санино, почитувани министри, преставници на Владата, на Собранието, почитувани екселенции.

Кратко кажано, ова што во моментот го гледаме тука е причината зошто оваа опозиција во Република Македонија седум пати ги губи изборите. Тие не знаат ништо друго освен да ја девалвираат сопствената држава пред странски преставници. Единствени се добри во тоа, да имаат неколку добри фрази, да имаат неколку работи кои што ќе ги кажат адекватна дисквалфикација и освен жалење и преземање на улогата на жртва пред странскиот фактор друг вид на контакти со избирачите испорачани дела или проекти или било што не можеме да видиме во континуитет. Прва работа.

Втора работа, во ова Собрание на 24 декември мене како на пратеник избран во Собранието на Република Македонија ми беше оневозможено од Шекеринска, од Игор Ивановски, од Гордан Георгиев ми беше оневозможено два часа да влезам во пленарната сала. Му беше оневозможено на Кенан Хасипи, му беше оневозможено на Хајрула Месини, му беше оневозможено на Авдија Пепиќ, му беше оневозможено на Антонио Милошоски. Ние два часа не можевме да отидеме на нашето работно место. Почитуван еврокомесаре, ако некој два часа застане пред вашата канцеларија и не ве пушта да влезете, како ќе реагира вашето обезбедување во зградата во која што Вие работите. Ако некој од амбасадорите два часа не може да влезе во амбасадорскиот кабинет како ќе реагира обезбедувањето во амбасадата. Тоа една работа. Втора работа, претседател на Собранието на Република Македонија беше буквално насилно истеран од неговото место, а потоа два часа ние и сите други ги молевме нашите колеги од СДСМ да овозможат претседателот на Собрание да се врати на местото на кое што бил ставен од граѓаните на Република Македонија. Шекеринска седеше на масата на претседателот на Собранието. А што мислат граѓаните. Камера има на која што вие може да видиме, Вие госпоѓо Шекеринска седевте на масата на претседателот на Собранието, на телевизија беше тоа. Така е.

Понатаму, на столицата на претседателот на Собранието, два часа седеше поранешниот генерален секретар на СДСМ, Горан Минчев. Можеме на камера да го видиме. Значи, можеме ние почитувани присутни, значи апсолутно ова треба да изгледа вака. Значи, ние не сакаме на овој начин да дискутираме кога ќе ни дојдат гости од странство. Но ваков настап на претставниците на СДСМ кога имаме еврокомесар, ваков настап да имаме и вакво девалвирање на Република Македонија, какви оценки какви што Македонија не ги заслужува, не сме во ред. И овие локални избори кои што толку беа спорени овде, резултатот е 57 градоначалници, наспроти 4. Во половина од општините , резултатот е два спрема еден. Повеќе од два спрема еден. А што мислат граѓаните на Република Македонија, со ова ќе завршам, за Радмила Шекеринска кажаа во 2008 година, четиристотини и осумдесет илјади гласови за ВМРО-ДПМНЕ, двестотини и седумнаесет илјади за Радмила Шекеринска. Има уште многу работи за кои што може да се дискутира, но овие работи треба да бидат одговорени вака, затоа што јас никогаш, никогаш, не сум видел ваков настап на претставниците на СДСМ, кога имаме во гости некои од Европската Унија. И ова е причината зошто седум пати губат на избори. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам господине Ѓорчев, некои слушајќи ги овие говори, ќе помисли дека се наоѓаме во 2008 година, да ве потсетам 2013 е годината и уште малку како тргнале работите ќе треба да стои еден банер, ... (насловот на банерот го кажува на англиски). Меѓутоа, сакам да се заблагодарам во името на сите присутни за трпеливоста и одлуката на господинот комесар, сепак да не дослуша до крај, без разлика на тоа колку долго траеше дискусија и да му дадам шанса да даде и некои дополнителни коментари врз база на ова што беше кажано, повелете.

**Штефан Филе:**

Сега имам два избори, можам да Ви кажам благодарам. Интересно. И тоа веројатно би било добар придонес за извештајот, да си заминам и да се вратам за некој месец повторно. Можам да го направам тоа. Но, со вас можам и да разменам неколку мои размисли. Не сум член на Анкетната комисија, а имам чувство дека дел од извештаите тука не беа за претставник од Комисијата, туку за претставник на Анкетната комисија. Искрено и со сета моја почит и со почит кон Анкетната комисија, јас не дојдов денес тука да зборувам со вас за тоа дали сте биле спречени два или три часа да влезете во вашите канцеларии, туку, да Ве прашам колку години планирате да чекате пред вратите на Европската Комисија. Тоа е вистинското прашање. Не го избрав времето

за пристапниот дијалог на високо ниво, Вие го направивте тоа и знаевте дека дискусијата ќе биде жестока по локалните избори. Настаните од 24 декември, ме натераа да го сменам почетниот датум и немаше друг начин освен да ја организираме оваа средба во ова време. Затоа што за Вас има шанса и покрај тоа што сеуште живеете во расположение на изборите, има шанса да вложите напор и да ми помогнете да имам што е можно пообјективен и попозитивен извештај. Мислам дека ќе однесам добар придонес во Брисел.

Првата точка за која што сакам да зборувам е со цел да Ви помогнам без сомневање во нашата непрекината посветеност кон Македонскиот народ, Вие мора да ни помогнете нам, за да ние можеме да Ви помогнеме. Ми се чини дека сеуште ги бараме најдобрите договори и уредувања и поради тоа ја очекувам посветеноста на сите, мнозинство и малцинство. Верувате ли вистина дека во Брисел земјите членки прават разлика? Навистина ли верувате дека со цел да се разбере ситуацијата во вашата земја, ние сите со часови ја проучуваме политичката ситуација, сложеноста на врските меѓу вас. Не, ние сме заинтересирани за резултатите, агендата е мошне јасна. И нема друга агенда освен Европската. И само таа може да формира платформа за концензус, за одржливи напори. Иако некои од вас сеуште не се внесени во тоа.

Второ, дел од вас зборуваа за одговорноста на Европската комисија. Свесен сум за таа обврска, што мислите, зошто сум тука по трет пат оваа година? Но, дали дел од вас разбираат дека имате одговорност, откако го потпишавте договорот на 1 март, дека вие мора и да го спроведувате него, каде е вашата одговорност? Дали навистина верувате дека земјите членки ќе го гледа 24 декември, како завршен само поради договорот од 1 март? Не! Ние сакаме овој договор да се спроведе, сакаме сите вие да го спроведете и да бидете одговорни онолку, колку што барате од нас да бидеме одговорни за вашата земја и за вашите граѓани.

Третиот елемент е нешто што го носам со мене и морам да зборувам за тоа. Се сеќавате дека на првата дискусија што ја имавме минатата година за улогата на претпристапниот дијалог на високо ниво. Треба да ве врати назад на патот на реформите и да ја донесе Европската Унија во центарот на јавните дебати. Искрено, лично мислам дека ги постигнавме овие две работи, но како и покрај исполнувањето на овие два услови. На една страна, а го кажав тоа на почетокот, ги имам земјите членки во декември кои што треба да имаат што е можно поубаво мислење за вашата земја, а и покрај тоа немам чувства дека вашата земја се подобрила, барем што се однесува до Брисел и до главните градови на земјите членки. До која мера мислите дека ова е важно? До која мера сметате дека се фокусираме само на дијалогот на високо ниво и дека ги гледаме сите Копенхашки критериуми? Што мислите колку ни е важна слободата на изразување и на медиуми и колку ни е важен 24 декември, како знак на ослабување на најважната

демократска институција во вашата земја. Извештајот се уште не е завршен, штотуку придонесовте кој овој извештај и ќе зависи од земјите членки да ја донесат својата одлука. Ви благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Ви благодарам за вашето трпение и за вашите искрени зборови. Ви посакувам се најдобро во текот на вашиот престој во Македонија.

Седницатата заврши во 11.39 часот.